Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, ПОДРАЧЈЕ СОЦИОЛОГИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: СОЦИОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ, ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНО УРЕДУВАЊЕ, РЕЛИГИСКИ СИСТЕМИ (ИЗБОРЕН), МУЛТИКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ (ИЗБОРЕН) НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 132, став 1 - 5, од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08, 26/09), а согласно со член 9, став 23 - 28, од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“, бр. 2 од 1 ноември 2007 г.), беше распишан Конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите: Социологија на образование, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука бр. 2102-58/11 од 10.7.2009 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, одржана на 10.7.2009 година, избрана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марија Ташева, проф. д-р Владо Тимовски и проф. д-р Кирил Цацков за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите: Социологија на образование, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“.

Комисијата утврди дека по распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 4.7.2009 година, во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Владо Петровски. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Доц. д-р Владо Петровски** е роден на 2 јули 1956 година во Штип. Студира на Факултетот за политички науки во Белград и се стекнува со звање **дипломиран политиколог**. Во учебната 1995/1996 год. се запишува на постдипломски студии на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, кои ги завршува во 1999 година со одбрана на магистерскиот труд *„Етничката структура и етничката партиципација во Југоисточна Македонија во: образованието, администрацијата, војската и полицијата“*, со што се стекнува со звање **магистер по социолошки науки**. На истиот факултет ја пријавува и докторската дисертација на тема *„Етничноста како фактор за образование во Република Македонија“.* Во 2004 година, со одбрана на докторската дисертација, се стекнува со звање **доктор по социолошки науки.**

Неговото прво вработување е непосредно по дипломирањето во 1980 година, во ДСТУ „Димитар Мирасчиев“, во својство на професор по предметите: Филозофија, Социологија, Граѓанско образование и др. Во октомври 2001 година е ангажиран од страна на Педагошкиот факултет во Штип, како надворешен соработник по предметот Социологија на образованието, а од 2003 година и по предметот Основи на општествено уредување. На 23.12.2004 година на Педагошкиот факултет во Штип е избран во звање доцент по предметите: Социологија на образованието и Мултикултурно образование.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Наставно-образовна дејност***

Од изборот во доцент на Педагошкиот факултет во Штип, д-р Владо Петровски е ангажиран во изведување на настава по предметите: Социологија на образованието (Педагошки факултет), Основи на општественото уредување со просветно законодавство (Педагошки факултет), Мултикултурно образование (Педагошки факултет), Религиски системи (Педагошки факултет), Медицинска социологија (Висока здравствена школа). Од учебната 2008/2009 е ангажиран и како наставник по предметот Социолингвистика на Филолошкиот факултет при истиот Универзитет.

***Научноистражувачка дејност***

Од изборот за доцент па наваму, д-р Владо Петровски ги објавува следниве трудови.

**Учебници:**

– *Социологија*, 2006 год. (2007 второ издание), Педагошки факултет, Штип

Учебникот делумно се поклопува со наставната програма по предметот Социологија на образованието. Во него се разработени темите: поим и настанок на социологијата, нејзиниот предмет и методи; социолошко определување на општеството, човекот, општествените појави и односи; култура и цивилизација, општествени институции; етнички групи.

– *Основи на општественото уредување со просветно законодавство*, 2007 год., Педагошки факултет, Штип

Учебникот целосно се поклопува со програмата на истоимениот предмет, со разработка на следниве теми: определби на поимот општествено уредување; карактерот на Република Македонија како држава; правна држава и владеење на правото; суверенитет; слободи и права; демократија и политички плурализам; избори и изборен систем; поделба на власта; судство.

**Книги:**

– *Етничноста како фактор на образование во Република Македонија*, 2005 год. (2007 второ издание), Педагошки факултет, Штип

Тоа е докторската дисертација на кандидатот, посветена на проблемот на образованието и образовните постигнувања на припадниците на етничките заедници во Република Македонија, со фокусираност на македонската и албанската заедница. Делови од книгата можат да послужат како литература по предметите: Социологија на образованието и Мултикултурно образование.

**Трудови во списанија и зборници:**

– *„Религијата како фактор за образование во Република Македонија“,* Зборник на Педагошки факултет „Гоце Делчев“, бр. 3, 2004 год., Штип

Во трудот се преиспитува потребата за религиско образование во Република Македонија за да се дојде до заклучокот дека процесот на десекуларизација, кој се одвива во современоста, го прави непотребно ова образование.

– *„Образованието во Република Македонија од аспект на мултиетничноста“,* Воспитание, бр. 6-7, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип

Во трудот се преиспитуваат образовните политики во Република Македонија од аспект на јазикот на образованието и нивниот придонес во заемното приближување на етничките групи.

– *„Локалитетот, карактерот на училиштата и образовните постигнувања во Република Македонија“,* Годишен зборник на Педагошки факултет „Гоце Делчев“, 2005/2006 година, Штип

Во трудот се прави анализа на влијанието на структурата на локалитетот и карактерот на училиштата (етнички мешани – етнички чисти) врз меѓуетничките односи на средношколската популација и врз градењето на релаксирани меѓуетнички односи и односи на заемна доверба.

– Petrovski, Petrova-Gorgeva, Kitanov, 2005: *“Ethnic distance and ethnic tolerance in schools in Republic of Macedonia”,* Godisnik tom III, Kulturnite prava v Evropejska perspektiva, Blagoevgrad

Во трудот се презентира состојбата на етничката дистанца и етничката толеранција во Република Македонија, преку анализа на податоците добиени од анкетно истражување.

– *„Училиштата и религиозното образование“,* Зборник на Граѓанската асоцијација на учители во Штип, 2002-2005 год., Штип
Презентација и аргументација на сопствениот став за отсуство на потреба за воведување на религиско образование во училиштата во Република Македонија.

– *„Јазикот на образованието и билингвизмот во Република Македонија“,* Зборник на Граѓанската асоцијација на учители во Штип, 2005-2008 год., Штип

Во трудот се преиспитува образовниот систем на Република Македонија од аспект на исполнувањето на барањата на Рамковниот договор (Охрид, 13 август 2001 год.), со заклучок дека не се исполнети условите за воведување на билингвалност во државава.

– *„Секуларизацијата и образованието“,* 2006 год., Зборник на трудови од научна конференција „Национални култури и Европејска идентичност“, Благоевград
Во трудот се преиспитува значењето на терминот секуларизација во социолошката литература за да се дојде до заклучокот за непотребноста од вклучување на религиозното образование во образовниот систем на земјава.

– *„Мултикултурализмот, глобализацијата и образованието“,* Годишен зборник на Педагошки факултет „Гоце Делчев“, 2007/2008 год., Штип

Во трудот се тргнува од ефектот на процесите на глобализација врз создавањето на мултикултурен свет за да се поткрепи ставот за потребата од воведување на меѓународни образовни стандарди.

– Mirascieva, Snezana i Vlado Petrovski, 2008: *“For an atempt of integration of e-learning in the course od didactics”,* Zbornik radova Selected Topics of Society of Knoledge, Sombor

– Петровски, Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, 2007: *“Education and its roles in the changes in the modern society“,* Fakultet po izkustvata, Годишник том V, Европа като културно пространство, Благоевград, ЕВРОАРТ – 2007, Благоевград

– Петровски, Јакимова, 2009: *„Религиско или религиозно образование – дилеми и потреби“,* Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишното образование и воспитание – предизвик на 21 век“, Штип (во печат).

– “*Educational legislation in international documents and in R. Macedonia”,* 2006, Зборник: Педагогическото образование в Б’лгарија: с’стојание и тенденции, Благоевград

Во трудот се прави споредбена анализа на образовната легислатива во Република Македонија, околните земји на Балканот и пошироко, согледана од аспект на нејзината ефикасност во овозможувањето на еднаков пристап кон образованието.

– Петровски, Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, 2006: *“Family as a factor of education in Republic of Macedonia – an ethnic dimension”,* Зборник: Педагогическото образование в Б’лгарија – с’стојание и тенденции, Благоевград

Труд заснован на резултати од анкетно истражување, кое има за цел да го утврди влијанието на семејството на етничките заедници во Република Македонија врз мотивацијата за образование.

– “Language issue and education in R. Macedonia”, 2007, Зборник на трудови од Научна конференција „Европа като културно пространство“, Благоевград

Во трудот се прави анализа на етничката структура на населението во Македонија за да се поткрепи ставот за потребата од изведување на настава на јазикот на етничките заедници.

– Петровски, Петрова-Ѓоргева, 2005, “The language of education and the recommended biligualism in the country”, The Third International Balcan Scientific Congress, Zbornik: *Interculturality in the educational process*, Shtip

Труд во кој се прави анализа на деловите од Рамковниот договор, кои се однесуваат на јазикот на образованието, со заклучок дека интерпретацијата за употребата на албанскиот јазик во високото образование претставува чекор кон воведување на билингвалност во државата.

Учества на научни собири со реферат:

– *„Глобализација и образование“,* 2007, Стара Загора, www.uni-sz.bg
– Петровски, Ѓоргева, Китанов, 2005: *„Етничката толерантност во училиштата во Р. Македонија“,* Научна конференција „Културните права в европејска перспектива“, Благоевград
– Петрова-Ѓоргева, Мирасчиева, Петровски, 2006: *“Solving the problems of waste”,* II International symposium of ecologist of the Republic of Montenegro, Kotor
– Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2006: *“A positive relation between the teacher and the pupil in teaching – a condition for a more successful teaching”*, Scientific conference “Teachers and social workers training in view of European integration”, Kiten
– Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2007: *“IKT u nastavnoj komunikacii u cilju stvaranja drustva znanja i ucenja”,* Cetvrti medjunarodni simpozium “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja”, Novi Sad
– Петрова-Ѓоргева, Мирасчиева, Петровски, 2007: *“Primena multimedijalnih tehnologija”,* Cetvrti medjunarodni simpozium “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja” - Novi Sad
– Петрова-Ѓоргева, Мирасчиева, Петровски, 2007: *„Училишната структура като организациона система“,* Fourth Balcan Congress “Education, The Balcans, Europe”,

Stara Zagora

- Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2007: *„Информационите и комуникационите технологии в преподаването и новата ролја на учителја в процеса на обучение“,* Fourth Balcan Congress “Education, The Balcans, Europe”, Stara Zagora
- Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2007: *„Образованието и неговата ролја в променјатото се модерно обичество “*, Fourth Balcan Congress “Education, The Balcans, Europe”, Stara Zagora
- Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2007: “*With paternship between teacher and parents to a more effective teaching”,* V Ессенна научна конференција „Приемственост и перспектива в развитието на педагогическата теорија и практика“, Китен
- Мирасчиева, Петрова-Ѓоргева, Петровски, 2007: *“Poverty in the family and the school performance of children”*, Меѓународна конференција „Улога образобвања у смањењу последица сиромаштва на децу у транзиции“, Белград
- Петровски, Мирасчиева, Петрова-Горгева, 2007: *“Education and socioeconomic status of the family in the Republic of Macedonia”*, X Научни скуп „Педагошка истраживања и школска пракса“, Меѓународна конференција „Улога образобвања у смањењу последица сиромаштва на децу у транзиции“, Београд
- Мирасчиева, Петровски, Јакимова, 2008: *“The multiethnicity and the reflections of the education in the Republic of Macedonia”,* Scientific Conference “Intercultural Dialogue and Integration”, Blagoevgrad, 12-13 May
- Мирасчиева, Петровски, 2008: *“The new roles of the student in ICT learning environment”*, V Medjunarodni simpozium “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja”, Novi Sad
- Петровски, Мирасчиева, Јакимова, 2009: *“Socialization and E-learning”,* V Medjunarodni simpozium “Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja”, Novi Sad
- Петровски, Мирасчиева, Јакимова, 2009: *“Ethnic nationality in Macedonia and the language of education of the members of ethnic communities”,* “12th International Conference of the Incluzive Education in the Balcans Contries: Policy and Practice”, Ohrid

*Стручно-апликативни и организациско- развојни активности*

Од стручно апликативните и организационо-развојните активности на доц. д-р Владо Петровски ќе наведеме неколку:

- раководител на Одделот за одделенска настава (мандатен период 2005-2009);
- коавтор на програмата за реализација на заеднички проект за размена на студенти меѓу Педагошкиот факултет во Штип и Педагошкиот факултет при ЈЗУ „Неофит Рилски“ во Благоевград, а од 28.4.2007 год. и реализатор на истата;
- член на Организационен комитет на III Научен балкански конгрес;
- претседател на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи на учебник за предметот Граѓанско образование за VII одделение;
- член на Универзитетска комисија за студентски стандард и претседател на Централна пописна комисија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- член на Извршниот одбор на Граѓанска асоцијација на учители во Штип;
- од 8.7.2009 член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Вкупната актива од горенаведените активности (НО+НИ+СХ+САОР) изнесува 175,9 поени.

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот интерес на кандидатот, Комисијата стекна впечаток дека тој постигнал завидни резултати во наставно-образовната и научноистражувачката област, како и во организациско-апликативната област и дека ги исполнува условите предвидени со Конкурсот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го избере **доц. д-р Владо Петровски** во звање **вонреден професор** за наставно-научната област ***општествени науки,*** подрачје ***социологија,*** по предметите: ***Социологија на образование, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен).***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ташева, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Владо Тимовски, член, с.р.**

**Проф. д-р Кирил Цацков, член, с.р.**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | | Поени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Во земјава | Во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран учебник | 2 | 30 | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 7 | |
| 17. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 1,4 | |
| 22. | Воведување на нов наставен предмет (Мултикултурно образование, Религиски системи) | 2 | 6 | |
| 25. | Предавања:<br>2004/05: 4x1,5+2<br>2005/06: 4x1,5+2<br>2006/07: 6x1,5+3<br>2007/08: 9x1,5+5<br>2008/09: 10x1,5+6 | 8<br>8<br>12<br>18,5<br>21 | 67,5 | |
| 26 | Вежби:<br>2004/05: 4x 0,2<br>2005/06: 4x0,2<br>2006/07: 6x0,2<br>2007/08: 8x0,2<br>2008/09: 8x0,2 | | 6 | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | | 1 | |
| | | | Вкупно | 118,9 |
| | Научноистражувачка дејност | | Поени | |
| | | | Во земјава | Во странство |
| 1 | Научна книга | 1 | 10 | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавен во списание или зборник | 7+6 | 7 | 12 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат | 16 | | 24 |
| 17. | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1 | 1 | |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | |
| | | | Вкупно | 56 |
| | Стручно-апликативна дејност и организационо- развојна дејност | | Поени | |
| | | | Во земјава | Во странство |
| 25. | Раководител на Одделот на одделенска настава | | 4 | |
| 27. | Член на универзитетски и владини тела | | 5 | |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | | 2 | |
| | | | Вкупно | 11 |
| | | | **ВКУПНО** | **175,9** |